1235

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting MLADI BORAC - Skoplje

-2. VI. 1966

## ТЕМАТСКА ИЗЛОЖБА НА СОВЕТСКИОТ СЛИКАР БОРИС ПРОРОКОВ

# СÈ ПРОТИВ НАСИЛИЕТО И ВОЈНАТА

ВЕЌЕ НЕКОЛКУ ДНИ во скопските ликовни изложбени салони во Домот на градежните работници и Работничкиот универзитет гостува еден од позначајните имиња во современата ликовна уметност во Советскиот сојуз, сликарот Борис Пророков, лаурент на Ленинова награда.

Уште како мал тој се истакнува со мошне јак и прецизен цртеж и главно се занимава со карикатура и чиста графика и по завршувањето на училиштето тој на еден конкурс што го распишува централниот младински весник на советската младина „Комсомолска правда" ја добива првата награда и веднаш по тоа е упатен на школување на уметничкиот институт и со тоа му се исполнува неговата дамнешна желба да стане сликар, гаена уште во најраните години од животот.

Првите години на своето уметничко творештво ги посветува на весникот „Комсомолска правда" каде што почнува со политичка сатира, тесно сврзана со меѓународни теми но не заборава и на темите од скеојдневието на рускиот човек. Со отровен смев тој во тие години се нафрлува на секого што пречи во создавањето на новото. Пред самата војна Пророков преоѓа на работа во „Крокодил".

Војната како и за многу други за него преставува нова етапа во животот. Судбината на војник него го носи и на најопасните краеви на борбата со фашизмот. Најпрвин се наоѓал меѓу бранителите на легендарното полуострово Ханко, а потоа во опколениот Ленинград; учествувал во десантот на „малата земја" пред Новоросијском, во завземањето на Виброг каде што бил тешко ранет од што повеќе години поминал в болница.

Одејќи по патот на војната од битка до битка тој секој момент се труди да го запамети и неговата поетска душа сето тоа го доживува во поголеми размери. Подоцна тоа ќе стане преокупација на уметникот и основа на неговото творештво. Сите дела настанати како резултат на војната ќе го издигнат уметникот до редот на најнапредните и најталентираните графичари.

Во творештвото по војната кај уметникот се забележуваат два тока, критика за се што е застарено и штетно и вториот многу по главен — борба за мир, борба против силите кои застрашуваат со војна и поробувањето. Како резултат на ова второво и покрај тоа што лекарите му забрануваат било што да работи во врска со војната тој постојано размислува за една тема со што ќе го сврзе сето тоа, сеќавање на војната, настанува циклусот на цртежи „Тоа не смее да се заборави" со што уметникот на мошне импресивен начин преку празниот цртеж ни ги претставува сите ужаси и страотии на војната, најчесто преку болните изрази на ликовите не поради тоа да ја искаже својата импресија на војната туку поради документот кој навистина не треба да се заборави за да не се повтори.

Да се зборува за вредноста на оваа изложба, за квалитетот како ликовни творби тоа не не обврзува со самиот факт што тој е добитник на Лениновата награда и како таков ни се претставува и нам овде во Скопје.

М. А.